ОД 25. ДО 29.
АПРИЛ 1977. ГОДИНА
ВО СКОПЈЕ
ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА
НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА
ГЕРМАНИЈА

КНИГА
ФИЛМ
СЕРИОЗНА МУЗИКА
ЏЕЗ
ТЕАТАР
УМЕТНОСТ
НАУКА
ФОЛКЛОР
СПОРТ

Денови на културата на Сојузната Република Германија во Скопје (25—29 април 1977 год.) се базираат врз договорот во III Германско-југословенска културна програма (1975—1977).

Концепција: Амбасада на Сојузната Република Германија во Белград

Организација:

Комисија за културни врски со странство на Социјалистичка Република Македонија во Скопје

Амбасада на Сојузната Република Германија во Белград



Денови на културата на СР Германија во Скопје се наш одговор на неделата на југословенската култура, која што се одржа во Штутгарт есента во 1974 година и на којашто со задоволство се сеќаваат сите учесници.

Тоа што Македонија беше избрана за домаќин веднаш ни се допадна: оваа млада република со богата историја постојано ја докажува својата отвореност за другите култури и своето интересирање за вистинската културна размена. Ако самите Македонци ни ја олесниија одлуката, од друга страна мора да се напомене дека овие денови на култура тешко ќе успееја без поддршка на сите други републики и автономни покраини на Југославија, како и на надлежните државни органи во Белград. Ние се заблагодаруваме за тоа.

Во името на владата на СР Германија особена благодарност им изразувам на пресретливоста и во моите очи скоро неограничената гостољубивост на СР Македонија и на градот Скопје: без сé ова овие денови на културата што се подготвуваат скоро две години, сигурно не би се развиле во најобемен и најзначаен проект на нашата културна дејност во Југославија.

Тие сега во својата реализација да станат големо доживување што разбудува интересирање и разбирање — тоа од се срце им го пожелувам на сите гости од Германија, на домаќините и, да се надеваме, на многобројните македонски посетители.

Јеско фон Путкамер
амбасадор на СР Германија
Белград

Die Kulturtage der Bundesrepublik Deutschland in Skopje sind unsere Antwort auf die Jugoslawische Kulturwoche die im Herbst 1974 in Stuttgart stattgefunden hat und an die sich alle, die sie erlebt haben, noch gern erinnern. Die Wahl Makedoniens ist uns leicht gefallen: Diese junge Republik mit der weit zurückreichenden Geschichte hat immer wieder ihre Aufgeschlossenheit gegenüber anderen Kulturen und ihr Interesse an einem echten Kulturaustausch unter Beweis gestellt. Wenn uns die Makedonier selbst also den Entschluß leicht gemacht haben, so muß andererseits auch erwähnt werden, daß diese Kulturtage ohne die Unterstützung aller anderen Republiken and Autonomen Provinzen Jugoslawiens sowie der zuständigen Bundesbehörden in Belgrad kaum zustande gekommen wären. Hierfür sind wir dankbar.

Dem großen Entgegenkommen und der in meinen Augen fast unbegrenzten Gastfreundschaft der Sozialistischen Republik Makedonien und der Stadt Skopje gilt im Namen der Regierung der Bundesrepublik Deutschland mein ganz besonderer Dank: Ohne sie hätten sich diese Kulturtage im Laufe der fast zweijährigen Vorbereitung sicher nicht zu dem bisher umfassendsten und bedeutendsten Projekt unserer Kulturarbeit in Jugoslawien entwickelt. Daß sie nun auch in der Verwirklichung zu einem Interesse wie Verständnis weckenden, großen Ereignis werden — dies möchte ich allen Gästen aus Deutschland, den Gastgebern und dem möglichst zahlreichen makedonischen Publikum von Herzen wünschen.

Jesco von Puttkamer
Botschafter der Bundesrepublik
Deutschland Belgrad



По големата резонанца, на која што наиде југословенската недела во Штутгарт, во септември 1974 година, ме радува приликата што од сега и во Скопје ќе можат да бидат прикажани и најразличните аспекти на германската културна дејност. Како министер за култура и заменик на претседателот на владата на покраината Баден — Виртемберг ја поздравувам оваа приредба, дотолку повеќе што овдека живеат и работат околу една третина југословенски граѓани привремено вработени во СР Германија. Овој факт во минатите години придонесе кон една особено интензивна — и по моe мислење — плодна соработка меѓу Баден — Виртемберг и одделни републики на СФР Југославија на парламентарно ниво и на полето на културата, науката и стопанството.

Од многубројните форми за меѓудржавна соработка за воспоставување, одржување и развивање на пријателските односи со другите држави ниедна форма не би смеела да биде посоодветна од културната размена. Културната размена го вбројува и поединецот. Во тоа лежи нејзината вистинска сила. На овој начин тој дава непосреден прилог кон тоа, луѓето од различни народи да се доближат и да се отворат еден кон друг. Во оваа смисла им ги изразувам моите најсрдечни поздрави на нашите југословенски домаќини и гости. На германската културна недела во Скопје и пожелувам успешен тек.

Професор Др. Вилхелм Хан
Министер за култура од
Баден Виртемберг

Nach der überaus breiten Resonanz, die die Jugoslawische Woche im September 1974 in Stuttgart gefunden hat, freue ich mich über die Gelegenheit, daß nunmehr auch die verschiedensten Aspekte deutschen Kulturschaffens in Skopje vorgestellt werden können. Als Kultusminister und stellvertretender Ministerpräsident des Landes Baden-Württemberg begrüße ich diese Veranstaltung umsomehr, als hier rund ein Drittel der vorübergehend in der Bundesrepublik Deutschand weilenden jugoslawischen Bürger lebt und arbeitet. Diese Tatsache hat in den vergangenen Jahren zu einer besonders intensiven und — wie ich meine — fruchtbaren Zusammenarbeit zwischen Baden-Württemberg und verschiedenen Republiken der Sozialistischen Föderativen Republik Jugoslawien auf parlamentarischer Ebene und auf den Gebieten der Kultur, der Wissenschaft und auch der Wirtschaft geführt.

Unter zahlreichen Formen zwischenstaatlicher Zusammenarbeit dürfte keine geeigneter sein als der Kulturaustausch, um freundschaftliche Beziehungen zu anderen Staaten anzuknüpfen, aufrechtzuerhalten und weiterzuentwickeln. Kultureller Austausch bezieht aber darüber hinaus auch den einzelnen Menschen mit ein. Darin liegt seine wahre Stärke. Er leistet auf diese Weise einen unmittelbaren Beitrag dazu, daß Menschen verschiedener Völker einander näherkommen und füreinander aufgeschlossen werden.

In diesem Sinne entbiete ich unseren jugoslawischen Gastgebern und Gästen meine besten Grüße. Ich wünsche der Deutschen Kulturwoche in Skopje einen erfolgreichen Verlauf.

Prof. D. Dr. Wilhelm Hahn
Kultusminister
von Baden — Württemberg

Од името на Институтот за врски со странство срдечно ги поздравувам сите оние што соделувале во деновите на културата на Сојузна Република Германија во Скопје, 1977 година, сите заинтересирани југословенски и германски граѓани.

Среќе́н сум заради остварувањето на овоа многустрано културно презентирање на СР Германија во Југославија, овдека во главниот град на Република Македонија богат со традиции. Особено ме радува тоа што и Институтот за врски со странство зеде учество со низа приредби. Оваа културна недела е одговор на „Југословенската недела на култура" во септември 1974 година во Штутгарт, што остана незаборавна во мојата земја, и во којашто меродавно учествуваше и нашиот Институт. Обете приредби се важни белези во продлабочувањето на соработката и пријателството меѓу луѓето на нашите народи. Федералистичката државна и општествена структура, што им е својствена на обата партнери можеше во особено големи размери многустрано да ги ослободи културните и творечките сили. Оваа приредба ќе го докаже тоа исто онака како што тоа го направи југословенската недела на култура во Штутгарт. Таа ќе ги покаже проширените можности за соработка како и новите задачи на кои што ние во иднина со оптимизам би требало и понатаму да работиме за доброто на нашите народи.
На деновите на културата на СР Германија во Скопје им пожелувам широк одзив.

Др. Др. х. ц. Адалберт Зајфриц
Министер а. д.
Претседател на Институтот за врски со странство во Штутгарт

Allen Mitwirkenden an den Kulturtagen der Bundesrepublik Deutschland in Skopje 1977 und allen daran interessierten jugoslawischen und deutschen Bürgern entbiete ich im Namen des Instituts für Auslandsbeziehungen meine herzlichen Grüsse.

Ich bin glücklich über das Zustandekommen dieser vielseitigen kulturellen Präsentation der Bundesrepublik Deutschland in der Föderativen Sozialistischen Republik Jugoslawien, hier in der traditionsreichen Hauptstadt der Republik Makedonien. Insbesondere freue ich mich darüber, daß auch das Institut für Auslandsbeziehungen hieran mit einer Reihe von Veranstaltungen beteiligt ist. Diese Kulturwoche ist das Gegenstück zu der in meinem Lande unvergessenen „Jugoslawischen Woche" im September 1974 in Stuttgart, an der unser Institut maßgeblich mitgewirkt hat. Beide Veranstaltungen sind wichtige Marksteine im beiderseitigen Bemühen, die Zusammenarbeit und die Freundschaft zwischen den Menschen unserer Völker zu vertiefen.

Eine föderalistische Staats- und Gesellschaftsstruktur, wie sie beiden Partnern eigen ist, vermag in besonderem Maße kulturelle schöpferische Kräfte in der Vielfalt freizusetzen. Das wird diese Veranstaltung gleichermaßen unter Beweis stellen, wie es die jugoslawische Kulturwoche in Stuttgart getan hat. Sie wird erweiterte Möglichkeiten der Zusammenarbeit und neue Aufgaben sichtbar machen, an denen wir in der Zukunft mit Optimismus zum Wohle unserer Völker weiterarbeiten sollten.

Ich wünsche den Kulturtagen der Bundesrepublik Deutschland in Skopje ein weites Echo.

Dr. Dr. h. c. Adalbert Seifriz
Minister a. D.
Vorsitzender des Instituts für Auslandsbeziehungen Stuttgart



Градот Штутгарт со Југословенската недела ја продолжува низата свои средби со странски земји во 1974 година. Редица интересни приредби кои преку театарски и кино претстави, концерти, предавања и изложби од областа на историјата, уметноста, книгата, продуктивниот развој и туризмот, преку спортски и фолклорни манифестации ни дадоа драгоцена претстава за културниот живот во Југославија, и без сомнение придонесоа кон продлабочувањето на меѓусебните односи и тоа не само во однос на југословенските работници што живеат во Штутгарт. Културните денови на СР Германија во Скопје ние ги посматраме како достоен одговор на тоа.

Ме радува што и ние од наша страна ќе придонесеме за содржајната програма, им благодарам на сите што се заслужни во подготовките и реализацијата на оваа приредба, и особено се надевам, дека тие корисно ќе влијаат во германско — југословенските односи.

Манфред Ромел
Градоначелник на градот
Штутгарт

Die Stadt Stuttgart hat die Reihe ihrer Auslandsbegegnungen im Jahre 1974 mit einer Jugoslawischen Woche fortgesetzt. Eine Folge interessanter Veranstaltungen, die uns durch Theater- und Kinovorstellungen, durch Konzerte, Vorträge und Ausstellungen aus den Gebieten der Geschichte, der Kunst, des Buches, der Produktionsgestaltung und der Touristik, durch sportliche und folkloristische Darstellungen wertvolle Einblicke in das kulturelle Leben Jugoslawiens vermittelten, haben zweifellos dazu beigetragen, die gegenseitigen Beziehungen, nicht zuletzt auch im Blick auf die in Stuttgart lebenden jugoslawischen Arbeitnehmer, zu vertiefen.

Die Kulturtage der Bundesrepubik Deutschland in Skopje dürfen wir als dankenswerte Antwort darauf betrachten.

Ich freue mich, daß wir das reichhaltige Programm auch mit Beiträgen unsererseits versehen können, danke allen, die sich um Vorbereitung und Durchführung dieser Veranstaltung verdient gemacht haben, und hoffe sehr, daß sie sich förderlich auf die deutsch-jugoslawischen Beziehungen auswirken wird.

Manfred Rommel
Oberbürgermeister der Stadt
Stuttgart

По повод деновите на културата на Сојузна Република Германија во Скопје, срдечно ги поздравувам градот Скопје, неговите граѓанки и граѓани. Овие поздрави се знак на пријателство меѓу градовите Скопје и Нирнберг и одраз на нивната поврзаност воспоставена во 1969 година преку младината на двата града.
Нашата понатамошна соработка ќе се зацврстува со средбите на младината, културната размена, како и со стопанските врски, а тоа ќе придонесе за разбирање меѓу нашите народи.
На градот Скопје му пожелувам и понатаму многу успех а пред сé постојано пријателство со Нирнберг.

Др. Андреас Уршлехтер
Градоначелник на градот
Нирнберг

Der Stadt Skopje, ihren Bürgerinnen und Bürgern, entbiete ich aus Anlaß der Kulturtage der Bundesrepublik Deutschland in Skopje herzliche Grüße.
Es sind dies Grüße der Freundschaft zwischen den Städten Skopje und Nürnberg aus einer Verbundenheit, die durch die Jugend der beiden Städte im Jahre 1969 begründet wurde.
Unsere Zusammenarbeit wird sich in den Begegnungen der Jugend, im Kulturaustausch sowie in den wirtschaftlichen Verbindungen weiter festigen und damit zur Verständigung unserer Völker beitragen.
Ich wünsche der Stadt Skopje weiterhin viel Erfolg und vor allem beständige Freundschaft zu Nürnberg.

Dr. Andreas Urschlechter
Oberbürgermeister der Stadt Nürnberg

Денови̇те на културата на СР Германија ги очекуваме со посебен интерес. Ваквиот интерес покрај другото произлегува од потребата за доближување на културните вредности и од желбата за запознавање со богата и насекаде позната култура на СР Германија. Правиме сé денови̇те на германската култура во Скопје и во СР Маедонија да постигнат исто таков и поголем успех каков што постигнаа денови̇те на југословенската култура во Штутгарт. Затоа, чувствувам особено задоволство и јас од свое име да им изразам добредојде на културните и сите други работници од СР Германија со кои ќе се сретнеме во Скопје и да им посакам успех и пријатен престој.

За оваа манифестација ни е понудена вонредно содржајна програма што ќе овозможи граѓаните од Скопје и од другите градови на Република Македонија непосредно да почувствуваат дел од старата и многу разновидна културна, научна и спортска традиција на СР Германија. Убедена сум дека овие денови ќе значат поттик за натамошен подем на културната собратка меѓу СР Германија и СФРЈ и за развивање на пријателството меѓу нашите народи.

Ние како домаќини ќе настојуваме сите учесници во оваа манифестација да се чувствуваат пријатно и да заминат со желба за нови средби со Скопје, со Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Југославија.

д-р Ружа Паноска, вон. проф
член на Извршниот совет на
Собранието на СР Македонија
и претседател на Одборот за
образованиие наука и култура
на Извршниот совет

Den Kulturtagen der Bundesrepublik Deutschland sehen wir mit besonderem Interesse entgegen. Dieses Interesse entspringt unter anderem dem Bedürfnis nach kultureller Annäherung und dem Wunsch, die reiche und überall bekannte Kultur der Bundesrepublik Deutschland kennenzulernen. Wir werden alles tun, um die deutschen Kulturtage in Skopje und der SR Makedonien genauso erfolgreich zu gestalten wie es die jugoslawischen Kulturtage in Stuttgart gewesen sind. Es ist mir eine ganz besondere Freude, die Vertreter der Kultur sowie alle anderen Vertreter der Bundesrepublik Deutschland, denen wir in Skopje begegnen werden, herzlich willkommen zu heißen und ihnen Erfolg und einen angenehmen Aufenthalt zu wünschen.

Für diese Veranstaltung wurde uns ein außerordentlich inhaltsreiches Programm angeboten, so daß die Bürger Skopjes und anderer Städte der Republik Makedonien an der alten und vielseitigen kulturellen, wissenschaftlichen und sportlichen Tradition der Bundesrepublik Deutschland unmittelbar teilhaben können. Ich bin überzeugt, daß diese Tage einen Impuls zur weiteren Entwicklung der kulturellen Zusammenarbeit zwischen der Bundesrepublik Deutschland und der SFRJ sowie der Freundschaft zwischen unseren Völkern geben werden.

Als Gastgeber werden wir darum bemüht sein, daß sich alle Teilnehmer an dieser Veranstaltung wohlfühlen und ihre Heimreise in dem Wunsch nach neuen Begegnungen mit Skopje, der Sozialistischen Republik Makedonien und dem sozialistischen Jugoslawien antreten.

Dr. Ruža Panoska
a. o. Professor, Mitglied des
Vollzugsrates der SR Makedonien
und Vorsitzende des Ausschuses für
Bildung, Wissenschaft und Kultur
des Vollzugsrates



ЖИВКО ВАСИЛЕВСКИ,
Републички секретар за култура

Пред повеќе од 70 години, истакнатиот револуционер и борец за национална слобода на поробениот македонски народ Гоце Делчев рече: „Јас го разбирам светот како широко поле за културен натпревар меѓу народите“.

Оваа мисла проткаена со длабок хуманизам и денес претставува „conditio sine que non“ за мирен развиток на овој наш, од ден на ден, се повеќе универзално поврзан свет.

Отворањето на народите едни кон други создава основа за слободна и сестрана комуникација со разновидните богатства на националните култури. Со показот и афирмацијата на достоинствата создавани од народниот генај и големите мислители на еден народ, се гради основа за зближување и јакнење на довербата меѓу народите во светот.

Деновите на германската култура во Македонија, во контекстот на реченото, ќе значат прилог повеќе за меѓусебно запознавање и зближување на германскиот и македонскиот народ, ќе отворат перспектива за натамошно продлабочување на соработка меѓу нашите две земји.

Ваква соработка извонредно многу ќе придонесе за зацврстување на довербата на едни кон други, како и за јанкнење на вербата во подобра иднина.

Vor über siebzig Jahren sagte der berühmte Revolutionär und Freiheitskämpfer des unterdrückten makedonischen Volkes, Goce Delčev: „Ich sehe die Welt wie ein weites Feld für einen kulturellen Wettkampf zwischen den Völkern.“ Dieser mit tiefem Humanismus durchdrungene Gedanke ist auch heute noch eine conditio sine qua non für die friedliche Entwicklung unserer von Tag zu Tag immer universeller miteinander verbundenen Welt.

Die gegenseitige Öffnung der Völker ist die Voraussetzung einer freien und vielseitigen Kommunikation der mannigfaltigen Reichtümer nationaler Kulturen. Die vom Genius und den großen Denkern eines Volkes geschaffenen Werte legen das Fundament für eine Annäherung und für die Stärkung des Vertrauens zwischen den Völkern dieser Welt. Die Tage der deutschen Kultur in Makedonien sind so ein weiterer Beitrag zum gegenseitigen Kennenlernen und zur wechselseitigen Annäherung des deutschen und des makedonischen Volkes und eröffnen eine Perspektive zur weiteren Vertiefung der Zusammenarbeit zwischen unseren beiden Ländern.

Diese Zusammenarbeit wird einen außerordentlich großen Beitrag zur Festigung des gegenseitigen Vertrauens und zur Stärkung des Glaubens an eine bessere Zukunft leisten können.

Živko Vasilevski
Republiksekretär für
Kultur der SR Makedonien



МЕТОДИ АНТОВ
Претседател на Собранието
на град Скопје

Манифестацијата Денови на културата на Сојузна Република Германија, што годинава се одржува во СР Македонија е придонес повеќе за зближување на земјите и народите, нивното меѓусебно запознавање, размена на искуства културни и творечки вредности и постигања, една од многуте стремежи за остварување на превасходните идеали: човечка хуманост и солидарност, мир и прогрес во светот на нашето живеење.

Овој град, Скопје, на многу начини е врзан со светот, со желбите и духот на човекот од тој свет. Скопје не чекало неволи за да се искаже и да му биде искажана солидарност: му се спротивставувало на завојувачите, и ширум му се отворало на добронамерниците.

Овие денови треба да ја манифестираат токму ваквата блискост во напорите за воспоставување и негување на взаемните односи на сите луѓе во светот.

Die in diesem Jahr in der SR Makedonien stattfindenden Kulturtage der Bundesrepublik Deutschland sind ein weiterer Beitrag zur Annäherung unserer Länder und Völker, zu ihrem gegenseitigen Kennenlernen, zum Austausch von Erfahrungen sowie kulturellen und schöpferischen Werten und Leistungen und unterstreichen den Willen zur Verwirklichung der hohen Ideale Humanität, Solidarität, Friede und Fortschritt in unserer Welt.

Die Stadt Skopje ist mit der Welt sowie mit den Wünschen und dem Geist der Menschen dieser Welt auf vielfache Weise verbunden. Für Skopje bedurfte es nicht erst eines Unheils, um Solidarität zu säen und zu ernten: Skopje widersetzte sich Eroberern, öffnete aber seine Pforten allen wohlmeinenden Menschen.

Gerade diese Tage sollen die Verbundenheit aller Menschen dieser Welt manifestieren.

Metodi Antov
Vorsitzender der
Stadtversammlung
(Oberbürgermeister)
von Skopje

ТОМИСЛАВ СИМОВСКИ, секретар на
Секретаријатот за односи со странство
на Извршниот совет на Собранието
на СР Македонија

Развиените стопански и политички односи меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Сојузна Република Германија претставуваат солидна основа за натамошно развивање и проширување на просветно-научната и културната соработка меѓу двете земји во која соодветно е

застапена и СР Македонија. Во последно време се реализирани неколку значајни културни акции на реципрочна основа. Во тек се подготовките за реализирање и на други проекти од взаемен интерес.

Деновите на германската култура во СР Македонија како една од најкрупните акции во постојната програма за просветно научна и културна соработка меѓу СФРЈ и СР Германија ќе овозможи широко запознавање на јавноста во нашата Република и во Југославија воопшто со низа значајни достигнувања од културниот живот на Сојзуна Република Германија.

Die guten wirtschaftlichen und politischen Beziehungen zwischen der Sozialistischen Föderativen Republik Jugoslawien und der Bundesrepublik Deutschland sind eine solide Grundlage für die Entwicklung und Erweiterung auch der pädagogisch-wissenschaftlichen und kulturellen Zusammenarbeit zwischen beiden Ländern, in deren Rahmen die SR Makedonien entsprechend vertreten ist. In letzter Zeit kamen einige bedeutende kulturelle Ereignisse auf der Grundlage der Reziprozität zustande. Andere Vorhaben von beiderseitigem Interesse werden vorbereitet.

Als eine der größten Veranstaltungen im Rahmen des laufenden Programms für die pädagogisch-wissenschaftliche und kulturelle Zusammenarbeit zwischen der SFRJ und der Bundesrepublik Deutschland werden die Tage der deutschen Kultur in der SR Makedonien der Öffentlichkeit unserer Republik und Jugoslawiens eine Reihe bedeutender Leistungen des kulturellen Lebens in der Bundesrepublik Deutschland vor Augen führen.

Tomislav Simovski
Republiksekretär für die
Beziehungen mit dem Ausland
der SR Makedonien



Проф. д-р БОРИСЛАВ КАРАНФИЛСКИ,
професор
на Медицинскиот факултет и проректор на Универзитетот „Кирил и Методи“ во Скопје

Со посебно задоволство и особен интерес ги очекуваме претстојните Денови на културата на Сојузна Република Германија. Универзитетот „Кирил и Методиј“ од Скопје и досега остваруваше со повеќе универзитети и други институции во Сојузната Република Германија плодна и сестрана соработка во издавачка дејност и размена на публикации, взаемни посети и размена на наставници и студенти за едукција и специјализација, научна соработка особено во областа на лингвистиката, размена на културно-уметнички групи на студентите и тн. Години на ред успешно делува лекторатот за германски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје, а очекуваме наскоро да почне со работа лекторатот за македонски јазик при Катедрата за славистика на Универзитетот во Келн.
Уверени сме дека Деновите на културата на Сојузната Република Германија ќе укажат на нови можности за продлабочување, на досеташната соработка низ која ќе придонесуваме за зближување, подобро разбирање и јакнење на пријателството помеѓу нашите народи.

Mit besonderer Freude und Anteilnahme sehe ich den bevorstehenden Kulturtagen der Bundesrepublik Deutschland entgegen.
Die Skopjer Universität „Kiril und Metodij“ pflegt bereits mit mehreren Universitäten und anderen Institutionen der Bundesrepublik Deutschland eine fruchtbare und vielseitige Zusammenarbeit: im Verlagswesen, beim Austausch von Publikationen, bei gegenseitigen Besuchen und dem Austausch von Lehrern und Studenten zum Zweck der Ausbildung und Spezialisierung, in der Forschung — insbesondere auf dem Gebiet der Linguistik — und durch den Austausch von Studentengruppen. Das Lektorat für die deutsche

Sprache an der Philologischen Fakultät in Skopje arbeitet schon seit vielen Jahren erfolgreich, und wir erwarten, daß auch das Lektorat für die makedonische Sprache am Slavistik-Lehrstuhl der Universität Köln bald seine Tätigkeit aufnimmt.
Wir sind überzeugt, daß die Kulturtage der Bundesrepublik Deutschland weitere Möglichkeiten für eine Vertiefung der Zusammenarbeit aufzeigen und damit zur Annäherung, zu noch besserem Verständnis und zur Stärkung der Freundschaft zwischen unseren Völkern beitragen werden.

Prof. Dr. Borislav Karanfilski
Professor an der Medizinischen Fakultät und Prorektor der Universität „Kiril und Metodij"



АЛЕКСАНДАР СПАСОВСКИ,
претседател на Собранието на општина Центар

Овогодишната прослава на Деновите на културата на Сојузна Република Германија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно во Социјалистичка Република Македонија од 25 до 30 април 1977 година, им чини посебна чест и задоволство на сите работни луѓе и граѓани, особено на град Скопје, каде всушност ќе биде и организиран и централниот дел на прославата.

Всушност и овогодишната прослава ќе значи своевиден допринос за создавање на услови за негување на една трајна пријателска традиција која има за цел низ разновидни, богати и содржајни активности на културен план да ги запознаат народите на двете пријателски земји за нивното богато културно минато и сегашните мошне значајни постигања, и на тој начин нивното уште поголемо зближување. Тоа всушност ќе значи и создавање услови на меѓусоработка и во другите области од општествено-политичкиот и економскиот живот и тн.

Програмската ориентација опфаќа широк и разновиден репертоар на културни активности и манифестации кои претежно ќе бидат организирани во главниот град на Социјалистичка Република Македонија, Скопје.

Die Kulturtage der Bundesrepublik Deutschland in der Sozialistischen Föderativen Republik Jugoslawien bzw. der Sozialistischen Republik Makedonien vom 25. bis zum 29. April 1977 werden allen werktätigen Menschen und Bürgern — vor allem in Skopje, dem zentralen Veranstaltungsort — eine besondere Ehre und Freude sein.

Die diesjährigen Veranstaltungen werden einen bedeutenden Beitrag zur weiteren Pflege einer dauerhaften freundschaftlichen Tradition leisten. Sie bringen die beiden befreundeten Länder einander näher, indem eine ganze Reihe bedeutender Leistungen des gegenwärtigen kulturellen Lebens das wechselseitige Verständnis fördern wird. Damit werden zugleich auch günstige Voraussetzungen für eine verbesserte Zusammenarbeit auf den Gebieten des gesellschaftlich-politischen und wirtschaftlichen Lebens geschaffen.

Aleksandar Spasovski
Vorsitzender der Stadtversammlung (Bürgermeister) von Skopje-Zentrum

ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Понеделник, 25. 4. 1977

09. 30 часот

Отворање на изложба на фотографии на Бирото за печат и информации на владата на СР Германија под наслов „Впечатоци од Сојузна Република Германија". Четири поднаслови гласат: Луѓе во градот; Сообраќајот — денес и утре; Човекот — трудот — техниката; Градови — села — предели; Изложба на фирмата Дајмлер-Бенц АГ од Штутгарт

— Мерцедес-Бенц Купе 230 Ц, 1977
— лимузина 450 СЕЛ, 6,9 литри, 1977
— сигурносно возило ЕСФ 22, 1976/77
— патентирано моторно возило марка Бенц од 1886 година
— автобус О 303/13 Р
— градски автобус О 317
— камион 1213
— макета на пресек на петоцилиндерски дизел-мотор за патничко возило тип 300 Д

Во рамките на изложбата ќе биде прикажана програма на документарни филмови од областа на техниката.
Место: Саем, хала 1, покрај хотелот „Континентал".

11.000 часот

Отворање на изложба на книги во Центарот за култура и информации на градот Скопје (кај хотелот „Гранд", тел. 24-968). Изложбата ја организира фирмата Георг Линген-Бринк од Хамбург во соработка со Младинска книга од Љубљана. Изложбата опфаќа околу 2.000 книги. Тежиштето е на тема „Планирање на градови и архитектура".

Во истата зграда ќе биде отворен штанд за информации кој непрекинато ќе работи.

12.00 часот

Програма на документарен филм (16 мм) во истата зграда, сала 19/19.

17.00 часот
Програма на документарен филм во салата 19/19 со траење од околу 1, 1/2 часот.

18.30 часот

филм „Ненадејно богатство на бедни луѓе од Комбах".
Режија: Волкер Шлендорф. Кино Вардар, Скопје.

19,19 часот

Литературен форум на Друштвото на македонски писатели со германскиот писател Питер О. Цхотјевиц во салата 19/19.

19.30 часот

Настап на синфониското оркестар на Северногерманското радио од Хамбург. Дирижира Ханс Занотели, главен диригент на штутгартската филхармонија. Концерт во *Тетово.*
Лудвиг ван Бетовен: синфонија бр. 8, ф-дур
Рихард Штраус: Дон Жуан
Феликс Менделсон-Бартолди: Синфонија бр. 3 во а- мол, (шкотска).

Вторник, 26. 4. 1977

10,00 часот

Детска библиотека „Другарче", Скопје, улица Никола Усински бб;
Отворање на изложба на детски трудови од Центарот за млади во Келн.

Изложбата се состои од три дела:
1. „Детска уметност од келнскиот Центар за млади" (21 дело од сликарство и колаж, и 9 керамички дела во мала пластика).
2. „Уметнички трудови (сликарство и пластика) на младинци од келнскиот Центар за млади.
3. Фото-документација „Уметноста — акција за секого".

После отворањето предавање и дискусија су управникот на Центарот за млади од Келн, госп. Хајнц Ковалцик и еден негов соработник.
Оваа изложба покасно ќе биде прикажана и во Загреб.

12.00 часот

Програма на документарен филм во Културниот центар, сала 19/19.

17.30 часот

Отворање на изложба „Модерни реалисти" во Музејот на современата уметност, Скопје.
Изложбата опфаќа 30 слики, 15 цртежи и 30 графики од сликарите Д. Асмус, П. Хегел, и Д. Улрих (група „Зебра" од Хамбург).

Се излагаат и 15 скулптури на берлинските вајари Христа и Карлхеинц Бидербик и Херо Јакоб. Изложбата ја составил покраинскиот конзерватор на државната сликарска збирка Др Волф-Дитер Дубе.

После Скопје, изложбата ќе биде прикажана во Сараево и Белград, а потоа во повеќе градови на Скандинавија.

Во продолжение на отворањето на изложбата и на исто место:

Свеченост во присуство на покровителите лите на Деновите на културата:

Амбасадор Јеско фон Путкамер, Белград

Професор Д. др. Вилхелм Хан, Министер за култура Баден-Виртемберг,
др. др. Х. Т. Адалберт Сејфриз, пензиониран министер и претседател на Институтот за односи со странство од Штутгарт.

Градоначалник на Штутгарт Манфред Ромел,
Градоначалник на Нирнберг др. Андреас Уршлехтер.

18.30 часот

Филм: Трговец на четири годишни времиља" режиа: Рајнер Вернер Фасбиндер, Кино ВАРДАР, Скопје

19.19 часот

Соло пантомима Хелфрид Форон
Сала 19/19 на Културниот центар, Скопје
Пред да настапи во Скопје, пантомимичарот Ќе настапи во Љубљана, Загреб, и Нови Сад

19.30 часот

Настап на фолклорниот ансамбл „Штутгартер Шпилкрајс" во *Охрид*

19.30 часот

Настап на Синфониското оркестар на Северно — Германското радио од Хамбург.
Универзална сала, Скопје

Концерт:
Бела Берток: Концерт бр. 2 за виолина и оркестар,
солист Рубен Гонзалес.
Антон Брукнер: Синфонија бр. 4 во ес-дур (романтична).
После Скопје, оркестарот Ќе одржи уште два концерта и тоа во Загреб и Белград.

Среда, 27. 4. 1977

10.00 часот
Предавање на професорот др-инг Фреј Ото: „Природна градба — конструкција во биологија и архитектура"

12.00 часот

Програма на документарен филм во салата „19/19" на Културниот центар на град Скопје.

18.30 часот

Вечер на западногерманските Денови на краткометражни филмови во Оберхаузен.
Кино ВАРДАР, Скопје

1. СИНЕМА
   режија: Себастијан Ц. Шредер, Швајцарија, 35 мм, 4 минути, 1973

2. НИЕ СМЕ МНОГУ
   режија: Борислав Шајтинац, СР Германија, 16 мм, 10 минути, 1975

3. БОЛЕРО
   режија: Елен Милер и Вилијам Фертиг, САД, 16 мм, 28 минути, 1974

4. ЕЛ КАРГАДОР — носач
   режија: Луис Гигуероа, Перу 35 мм, 8 минути 1974

5. СТОРИБОРД
   режија: Курт Розентал и Вернер Нојфер СР Германија, 16 мм, 10 минути, 1971.

6. „AL PAREDON"
   режија: Марио Митроти, Венецуела, 35 мм, 14 минути, 1971

7. БИТКА
   режија: Дерек Филипс, Англија 35 мм, 5 минути, 1971

Овдека се работи за седум наградени филмови во последните 5 години на Западногерманските денови на краткометражниот филм во Оберхаузен.
После Скопје, филмовите Ќе бидат прикажани и во Белград, Сараево и Загреб.

19.19 часот
Ф. К. Вехтер: „Школа со кловнови"
Изведувач е „Тибингер Цимер Театер".
режија: Хефрид Форон,
сала 19/19 на Културниот центар на град Скопје. Пред Скопје театарот Ќе настапи во Љубљана, Загреб и Нови Сад

19.30 часот

Настап на ансамблот „Штутгартер Шпилкрајс" во *Битола*

Четврток, 28. 4. 1977

10.00 часот

Научни симпозијум на тема: „Истражување на југоисточна Европа во СР Германија"
Германски учесници:
Професор др. Клаус-Детлен Гротхузен, Хамбург Професор др. Фанц Роненбергер, Нирнберг,
Професор др. Франц Мајер, Регенсбуг
Пофесор д. Вернер Гимпел, Минхен
Професор др. Рајнхард Лауер, Гетинген
Учесници од Македонија:
Професор Данчо Зографски, Скопје
др. Александар Христов, Скопје
Професор др. Христо Андонов-Пољански
Професор др. Орде Ивановски, Скопје
др. Вера Васковиќ-Вангели
Југословенски гости
др. Душан Бибер, Словенија
професор др. Кризман, Хрватска
др. Никола Бабиќ, БиХ
др. Никола Петровиќ, Војводина
Професор др. Андреја Митровиќ, Србија
Професор др. Живко Аврамовски, Србија
Професор др. Али Кадрија, Косово

Симпозијумот ќе биде одржан во Македонската академија на науките и уметностите, Скопје

Домаќин е Институтот за национална историја, Скопје Траењето на симпозијумот е два дена. Предвидена е и дводневна научна екскурзија во Источна Македонија.

12.00 часот

Програма на документарен филм, сала 19/19

17.00 часот

Ф. К. Вехтер: „Школа со кловнови изведба за деца во салата 19/19 на Културниот центар на град Скопје

18.30 часот

Филм: „Младиот Терлез“
режија: Волкер Шлендор„
Кино ВАРДАР, Скопје

19.30 часот

Настап на ансамблот „Штутгартер шпилкрајс“ во Скопје истиот ден, во четврток, (точниот термин уште не е утврден) ќе започне кошаркашки турнир кој ќе трае два дена. Покрај југословенските екипи, ќе учествува и германскиот тим: „ССВ ХАГЕН“

Петок, 29. 4. 1977

12.00 часот

Програма на документарен филм, сала 19/19 продолжение на научниот симпозијум — продолжение на кошаркашкиот турнир

18.30 часот

Филм „Безумноста на франц Блум“
режија: Рајнхард Хауф
Кино ВАРДАР, Скопје

19.30 часот

Настап на ансамблот „Штутгартер шпилкрајс“ во Куманово

19.30 часот

Џез концерт на групата на Манфред Шоф во Универзалната сала, Скопје
Манфред Шоф: (Труба, ловачки рог)
Јаспер ван т'Хоф (пиано, оргуљи)
Гинтер Ленс (бас)
Михел Пилц (баскларинет)
Ралф Хибнер (чукалки)
После Скопје групата ќе настапи во Приштина Нови Сад, Белград, Сараево и Загреб

19.30 часот

Концерт на Мелос квартетот од Штутгарт во салата на школата Песталоци, Скопје

Волфганг Амадеус Моцарт: Пет четвороглесни фуги од Добротемпираниот клавир на Јохан Себастијан Бах, КВ 405, број 2, 5, 7, 8 и 9 од II дел
Леош Јаначек: гудачки квартет бр. 2, „Интимни писма“
Франц Шуберт: Гудачки квартет д-мол оп. пост: „Смртта и девојката“.

КНИГА

СОСТОЈБАТА НА КНИГИТЕ ВО СР ГЕРМАНИЈА

Во СР Германија има околу 1.000 издавачи кои редовно издаваат книги. Освен нив има уште околу 1.000 фирми, делумно мали издавачки куќи, делумно фирми, кои во одредени прилики или по особени поводи издаваат една или две книги. СР Германија може да испорача околу 300.000 различни наслови. Целокупниот годишен приход од книги во СР Германија би можел да се процени на околу 3 милиарди марки. Една мала група од најголемите издавачи во ова учествува со околу 100 милиони марки годишно.

Покрај една многу голема група од киосци и специјализирани продавници за книги чиј што број не може да се дознае и кои што повремено и како споредна дејност продаваат книги, постојат и околу 7.000 книжарници од кои некои во мал број постигнуваат годишен приход од 10 милиони западногермански марки, додека најголемиот дел на книжарници имаат приход меѓу 500.000 и еден милион западногермански марки годишно.

Една особеност во продажбата на книги во СР Германија е важната посредна улога што ја игра трговијата со книги, имено како при снабдувањето на книжарниците во СР Германија, така и при експортот на германски книги во странство. Постојат посредни книжарници кои се специјализирале да го сместат и испорачаат целокупното производство на еден или повеќе издавачи и по налог на издавачот да ги подмират сметките. Книжарницата не ги добива книгите од ваквиот издавач директно од издавачот, туку од службата за испорака на издавачот. Други посредни книжарници се специјализирале за импорт или за експорт на книги, спроведувајќи го тоа на сопствена сметка. Меѓу посредните книжарници од посебно значење е таканаречениот барсортимент: едно претпријатие, што се специјализирало повеќе или помалку редовно да ги држи на лагер на сопствена сметка потребните наслови од бројот на книги што можат да се добијат во книжарниците, за да може при порачка веднаш да ги испорача на купувачот. Бројот на насловите што се водат на лагерот на големите барсортименти опфаќа околу една третина од сите наслови што можат да се испорочаат. Очигледно е дека на книжарниците им оди во прилог ако можат да ги добијат од едно место различните наслови од различни издавачи, особено ако овие вкупни испораки можат да ги добијат брзо и под поволни услови. Во СР Германија постојат две посредни книжарници од овој вид кои се наоѓаат во Франкфурт и Хамбург, односно во Штутгарт и Келн и од овие градови со сопствени превозни сретства наменети за книги секојдневно се снабдуваат со порачаните пратки скоро сите книжарници.

Во СР Германија произведувачот обично не може да му нареди на препродавачот по која цена тој треба да ја продава стоката. Трговијата со книги е единствена гранка во која има фиксни продажни цени, кои се пропишани од издавачот како задолжителни и кои трговецот со книги безусловно мора да ги задржи. Ова без сомнение има значителни предности не само за трговијата со книги, туку пред сé и за купувачот на книги, бидејќи на овој начин истата книга може да се добие во секое место на СР Германија, како во големите градови така и во малите села и по еднаква цена, сеедно дали книжарот ја има книгата на лагер или сам мора да ја набави за купувачите. Секако некои бестселери би биле поевтино продадени кога продажната цена не би била пропишана. Но во многу повеќе случаи со фиксната продажна цена е осигурано, дека и при стручни наслови на книги на кои е упатен купувачот, а за чие набавување книжарот понекогаш не е многу заинтересиран, цената нема да биде зголемена.

Еден дел од книгите во СР Германија, во споредба со цените на книгите во странство е релативно скап. Но при оценувањето мора да се земе во предвид дека просторот каде што се зборува германски е многу помал, од просторот каде што се зборува англиски, француски или шпански. Оттаму и тиражите на германските книги се и помали од тиражите на книги на овие јазици. Колку е помал тиражот на една книга, разбирливо толку е поголема продажната цена. Може да се додаде дека германскиот купувач има големи побарувања во однос на печатењето и квалитетот на подврзувањето на книгата и — како што покажува искуството — повеќе е склон да купи една добро подврзана скапа книга отколку поевтино броширана.

Покрај подврзаните има околу 20.000 наслови џепни книги или изданија слични на џепни книги, кои делумно се печатени на многу добра и технички беспрекорна хартија и чии продажни цени апсолутно не треба да се споредуваат со соодветните книги во другите земји. Денес како џепникниги не се произведуваат само белетристички наслови туку и школски текстови, наставни и студиски текстови, дури и научни наслови, доколку постои соодветна потреба. Од СР Германија годишно се експортираат во странство германски книги за околу 500 милиони германски марки; половината од тоа оди во земјите каде што се зборува германски, Швајцарија и Австрија. Потоа следат по наведениот ред: САД, Холандија, Франција, Белгија, Јапонија, Италија и т. н. Југославија, со увозот на книги од СР Германија од околу 2,5 милиони западногермански марки годишно, се наоѓа приближно на 15. место. — Во експортот на книги спаѓа и извозот на книги и списанија, кои уште еднаш изнесуваат две третини од наведените бројки.

Експортот на книги од Југославија во СР Германија не може точно да се дефинира, бидејќи извесен број издавачи во СР Германија даваат порачка за печатење и подврзување во Југославија. Затоа дури ни приближно не може да се оцени бројот на југословенските книги во целокупниот број на книги што се експортираат во СР Германија од Југославија.

Курт Лингенбринк

СЕРИОЗНА МУЗИКА

СИНФОНИСКИ ОРКЕСТАР НА СЕВЕРНОГЕРМАНСКОТО РАДИО (НДР ХАМБУРГ)

Од своето основање во 1945 година овој оркестар многу брзо станал еден од најзначајните концертни оркестри. Благодарејќи на уметничкото раководство на неговиот прв главен диригент, Ханс Шмит-Исерштед, овој оркестар уште во 1949 година, по една турнеја низ Германија стана надалеку познат. Турнеите во Франциіа (1950 и 1954) и Англија (1951 и 1953) под раководство на главниот диригент го зацврстија интернационалниот ранг на овој оркестар. Кулминација на првите странски успеси беше неговото гостување на Единбуршките свечени настапи во 1954 година.

Во меѓувреме, отворените концерти на радиото станаа фокус на хамбуршкиот музички живот. На премиерата на Сенебергoвиот „Мозес и Арон", на Малеровата 8. синфонија или на првата германска изведба на Милхаудовиот „Давид" присуствуваа домашни и странски гости. Во пеесеттите години, оркестарот гостуваше — а делумно и повеќепати — во Лисбанон, Атина, Берлин, Монтре и на биеналето во Венеција, каде што во 1958 година со оркестарот диригираше Игор Стравински. Во 1961 година оркестарот отпатува — како прв оркестар од западниот свет — во Советскиот Сојуз и во Москва и Ленинград пожнеа одушевено овации.

Во 1971 година Ханс Шмит-Исерштед престана да биде главен диригент. Во 1972 година оваа должност ја презеде Моше Ацмон и остана на неа до 1976 година. И понатаму следеа големи концертни патувања — така во 1972 година низ СР Германија под водство на Нојман, првиот диригент на чехословачката филхармонија. Во 1975 година оркестарот гостуваше на фестивалот во Берген, Норвешка и зеде учество на свечените игри во Безансон, Монтре и Анкона. Во 1976 година уследи повторното учество на биеналето во Венециіа како и патување низ Англија со концерти во Нотингам, Лидс, Манчестер и Лондон. Некои од гостите од целиот свет што стоеле на пултот на НДР-Синфонискиот оркестар: Лео Блех, Карл Бем, Фриц Буш, Сергиу Челибидаке, Ференс Фрикшај, Вилхелм Фуртвенглер, Паул Хиндемит, Еуген Јохум, Херберт фон Карајан, Ерих Клајберд, Ото Клемперер, Ханс Кнапертсбуш, Кирил Кондрашин, Рафаел Кубелик, Игор Марковиќ, Лорин Мацел, Ханс Розбауд, Витолд Ровицки, Карл Шурихт, Леополд Стоковски.



ОРКЕСТАРСКИ МУЗИЧАРИ ВО СР ГЕРМАНИЈА

Моментално во СР Германија има околу сто таканаречени „Културни оркестри"; се работи за јавни оркестри или такви што се во состав на посебни здруженија на пример музички театри или радио станици, и бројат од 30 до преку 100 музичари. Општо земано, перспективите за работа на оркестарските музичари (моментално околу 6.500) и солисти (со исклучок на клавир) се окарактеризирани како многу поволни, така што од пред извесно време може да се забележи значителен недостиг од нови сили. Во повоените години видно се зголемија барањата за стручна подготвеност: така подобрувањето на техничкото емитување и големата снабденост на широките кругови со квалитативни плочи, не само што ја редуцираа потребата од концерти, туку и одделните музичари се изложени на растечкиот притисок за постигнување на поголем учинок. Ова не важи само за инструменталните солисти, туку и за „последниот човек во оркестарот", пред кого се поставуваа големи барања за инструментални квалификации, тимски дух и способност да учи. Способноста „да може да свири на лист" е квалификација што не е вредна ни да се спомене, за разлика од поранешните прилики. Во големите оркестри на СР Германиіа финансиската и социјалната состојба на музичарите се смета за поволна; делумно, овие музичари имаат статутс на службеници или барем имаат постојана работа. Во „провинцијата" пак, и во СР Германија има уште многубројни материјално незадоволни музичари што се принудени често да вршат додатна музичко-педагошка дејност. Ова скоро по правило особено важи за солистите.

ХАНС ЦАНОТЕЛИ

Е роден во 1927 година во Вупертал. Својата кариера тој ја почнал во 1945 година како корепетитор во Солинген/Ремшајд. Од 1950 година бил дирегент во својот роден град Вупертал, а потоа во Диселдорф, Бон и во државната опера во Хамбург. Подоцна тој станал генерален музички директор во Дармштад и Аугсбург. Од 1962 година Цанотели е постојан диригент на ГЕРМАНСКАТА ОПЕРА во Берлин. Освен тоа тој редовно гостува во Дрезденскиот државен оркестар и во Минхенската државна опера. Многупати гостувал на големи сцени и со водечки оркестри, меѓу другото во ГДР, Чехословачка, Швајцарија и Турција, како и во Франција, Италија, Холандија, Австрија, Норвешка и Исланд. Од 1971 година Цанотели е главен диригент на Штутгартската филхармонија и се смета за еден од најуниверзалните диригентски стручњаци што работат во Штутгарт (Минхингер, Варвизо, Гилен, Челибидаке). Неговиот оперски репертоар опфаќа околу 125 дела, а неговиот концертен репертоар е многустран. Поради ова тој може да биде означен како претставник на школата Кнапертсбуш, односно Кајлберт.

РУБЕН ГОНЗАЛЕС

Потекнува од Аргентина, каде што најпрво добивал часови од татко си. Додека студирал виолина кај Освалдо Песина во Буенос Ајрес на многу натпревари добивал први награди. Во 1962 година добил државна стипендија од француската влада. Во Париз работел кај Соломон Барон, еден од учениците на Жорж Енеску, и во 1964 година ја стекнал почесната диплома на Academia во Сиена. Втора награда во Женева во 1963 година и прва награда во Барцелона во 1964 година. Потоа бил концертмајстор на оркестарот „Alessandro Scarlatti" во Неапол и член на „Virtuozi di Roma". Во 1967 година отишол во САД и таму бил концертмајстор во Сиракуза и Минесота. Од март 1975 година Рубен Гонзалес е прв концертмајстор во НДР симфониското оркестар. Тој редовно наступува како солист и во октомври и ноември 1976 година направил турнеја низ Северна и Јужна Америка.

Мелос — квартет Штутгарт

Вилхелм Мелхер (прва виолина)
Герхард Фос (втора виолина)
Херман Фос (виола)
Петер Бук (виолончело)

Кога во 1965 година се дозна дека четири млади уметници кои беа добро вработени, решиле да се откажат од егзистенцијалната сигурност што ја имаа како концертни мајстори, смелоста зачудоваше но истовремено и опоменуваше. Тогаш интернационалната конкуренција беше исто толку голема колку и денес. Уште од основањето на квартетот се знаеше дека Вилхелм Мелхер, Герхард и Херман Фос како и Петер Бук се извонредни музичари, но дали меѓутоа оттука ќе резултира неопходниот континуитет на човечка соработка што не може никогаш однапред да се предвиди, беше едно отворено прашање. Во меѓувреме штутгарскиот Мелос — квартет се наредува во групата врвни гудачки квартети познати во целиот свет.

Во почетокот основањето на квартетот беше поткрепено од стипендијата на фондот „Германски музички живот". Во 1966 година Мелос — квартетот ја доби „Concours International d'Execution Musicale Genéve"., потоа специјалната награда „Prix américain"; освен тоа тој е добитник на наградата на интернационалниот натпревар на гудачки квартети Villa-Lobos во Рио де Женеиро, влезе во изборот на СР Германиа „Концерти на млади уметници" на германскиот Музички Совет и содејствуваше како претставник на СР Германија на светскиот конгрес на „Jeunesse musicale" во Париз. Овие успеси во 1967 година ги ослободија од оркестарските обврскии им овозможија исклучително да се занимаваат со гудачки квартет.

Концертите на Блискиот Исток, во Швајцарија, Турција, Италија и Австрија беа почеток на нивната интернационална концертна дејност. Следеа турнеи во Северна Африка, Шпанија, Португалија, Чехословачка, Југославија, Холандија, Грција, повторно на Блискиот Исток и на „Салцбуршката пролет". Во меѓувреме, квартетот имаше повеќе успешни гостувања во САД, СССР и Јужна Америка.

ВИЛХЕЛМ МЕЛХЕР (прва виолина) е роден во 1940 година во Хамбург, таму студирал кај Ерих Рен, а потоа кај Тина Кармирели и Ариго Феличи во Рим. Добил повеќе одликувања и до 1967 година бил концертмајстор на хамбуршките синфоничари како и на виртембершкиот камерен оркестар.

ГЕРХАРД ФОС (втора виолина) е роден во Буршајд, студирал во Диселдорф, Келн и Фрајбург меѓу другото и кај Волфганг Маршнер и Шандор Фег и до 1965 година бил концертмајстор на виртембершкиот камерен оркестар.

ХЕРМАН ФОС (виола) е роден во 1934 година во Бринен/Нидерајн и е брат на Герхард Фос; студирал во Диселдорф и Фрајбург, меѓу другото и крај Шандор Фег и Улрих Кох, добил повеќе награди и до 1967 година бил солист на виола во штутгарскиот камерен оркестар.

ПЕТЕР БУК (виолончело) е роден во 1937 година во Штутгарт, му бил ученик на Лудвих Хелшер и во 1960 година бил добитник на наградата на германскиот натпревар на високите училишта. До 1967 година бил солочелист на виртембершкиот камерен оркестар.

ЏЕЗ

МАНФРЕД — ШОФ — КВИНТЕТ

МАНФРЕД ШОФ (труба, рог) од 1965 година раководи со сопствена група. Како еден од најпрофилираните претставници на новиот џез во Германија, тој настапи на сите поважни европски фестивали: Прага, Берлин, Варшава, Молде, Лугано, Љубљана, Монтре, Антибес и Рим. Шоф беше член на Clarke-Boland Bigband (групата Кларк-Боланд), на секстетот на George Rusel (Џорџ Расел), свиреше со New Jazz Trio и член е на оркестарот на Globe Unity. Со German Allstars и со сопствени групи тој имал турнеи во Јужна Америка како и на Блискиот и Далечниот Исток. Неговото музицирање се карактеризира со невообичаена виртуозност и дарба за импровизирање, а особно бавните, суптилни пасажи, што ги изведува со вонредна љубов, докажуваат дека тој е без сомнение најдобриот трубач на новиот џез во Германија. Сегашниот состав на квинтетот постои од есента 1975 година.

ЈАСПЕР ВАН'т ХОФ (пиано) е роден во 1947 година, и им припаѓа на најпознатите џез пианисти во Европа. Пред да ја основа својата група, тој свирел со Association P. C., Крис Хинце, Фан-Лик Понти и Арчи Шеп. Во 1975 година учествувал во турнејата по Азија со квинтетот на Манфред Шоф.

ГИНТЕР ЛЕНЦ (бас) е роден во 1938 година; долго време свирел со Алберт Мангелсдорф, потоа со П. Хербохајмер, Џорџ Расел, Курт Еделхаген, Јоахим Кин, Шугар Кејн Харис, Џо Хендерсон, и со German Allstars патувал во Јужна Америка и Азија.

МИХЕЛ ПИЛЦ (баскларинетист) е роден во 1945 година, апсолвирал на конзерваториумот во Луксембург а потоа добил награди на фестивалите во Брисел и Комблен Латур. Од 1968 година тој свири заедно со Манфред Шоф, член е на оркестарот Globe Unity, раководи и сопствен трио. Заедно со Михел Портал се смета за еден од водечките баскларинетисти во Европа. Во 1971 година заедно со German Allstars правел турнеи во Азија а со квинетот Манфред Шоф во 1974 и 1975 година на Блискиот и Далечниот Исток.

РАЛФ ХИБНЕР (чукалки) е роден во 1939 година, студирал на високото музичко училиште во Берлин и се смета како најголем германски мајстор на чукалки. Исто како Гинтер Ленц и тој долго време свирел заедно со Алберт Мангелсдорф; со него, со German Allstars и со квинтетот на Манфред Шоф тој ја обиколил Јужна Америка, САД, Блискиот и Далечниот Исток. Хибнер е еден од основачите на групата Voices а меѓу другото свирел и со Еберхард Веберовиот „Colours".

УМЕТНОСТ

ИЗЛОЖБА: „МОДЕРНИ ГЕРМАНСКИ РЕАЛИСТИ“

Музеј на современата уметност, Скопје

Изложбата опфаќа 10 слики, 5 цртежи и 10 графики на сликарите Дитер Асмус (Хамбург), Петер Нагел (Кил) и Дитмар Улрих (Хамбург), како и по 5 скулптури на вајарите Криста Бидербик, Карлхајнц Бидербик и Харо Јакоб (сите од Берлин). Каталози можат да се добијат во музејот. Концепција на изложбата: Др. Волф-Дитер Дубе државен конзерватор на баварската државна збирка на слики, Минхен.

По прикажувањето во Скопје изложбата ќе биде прикажана во Сараево, Белград и некои скандинавски земји.

ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ ВО СР ГЕРМАНИЈА

На пазарот на ликовните уметници во поширока смисла денес во СР Германија конкурираат околу 25.000 сликари, вајари, творци на објекти и уметнички графичари во приватна трговија, на изложби, во секторот „Уметноста во служба на градбата“, како и на други, најчесто ограничени продажни пазари.

Само околу една четвртина од нив остварува преку уметничка дејност колку-толку осигурана стопанска егзистенција; другите се упатени на други дејности или својата уметност ја вршат како споредна дејност.

Ако од стопанска гледна точка може да се зборува за осетна зголемена понуда, од друга страна се оцртуваат и нови професионални можности за овој вид уметници.

1. Планска и обликувачка соработка во областа на архитектурата и градската градба како и на олбиковање на околината.

2. Наставна, советодавна и уводна дејност во образовниот сектор (образование на младината и возрасните; време за усовршување и образование, во центрите за комуникација и за слободно време), при што се развиваат креативните и творечките способности како коректив на делотворното општество и за „Примат на техниката“. Ова одговара не само на плановите на стручњаците за образование туку и на очекувањата на поширок слој од населението.

Овие очекувања во 1973. година беа испитувани во една репрезентативна анкета. На прашањето за задачите на уметноста и уметникот, на предложените можни одговори беше одговорено на следниов начин:

Релаксирање, разговарање; овозможува да се заборави секојдневието, работата	65%	(41)
Создавање на убавото, естетското, развеселување на увото, разубавување на слободното време	52%	(31)
Околината на нашите градови да се направи почовечна, со повеќе бои и поубава	40%	(53)
Да подучува, да образува, да поттикнува на размислување, да учи да се гледа	37%	(54)
Помага да се развие сопствената фантазија и изразните можности	36%	(51)
Да се преслика и да се одрази вистината и денешното време	24%	
Уметноста е инвестиција, и предмет со кој сака да се покаже да се има добар стил	22%	
Поставување на страната на оштетените групи во општеството	17%	(30)
Уметноста и уметниците не ме интересираат и се непотребни	11%	
Без податоци	1%	

Податоците во заграда ја означуваат зачестеноста на одговорите кои ги дадоа уметниците на истите прашања.

Извори: Карл Форбек, Андреас Јоханес Визанд: Уметнички извештај, Минхен — Виена 1975. г.

ТЕАТАР

ФРИДРИХ КАРЛ ВЕХТЕР:
УЧИЛИШТЕ СО КЛОВНОВИ

Изведба на камерниот театар од Тибинген во салонот 19,19 во Скопје

Режија: Хелфрид Форон

Сценографија: Франц Хелфрид Форон, Прехл, Антје Трап

Личности и нивните глумци:

Др. Зин строг наставник со тврд изговор — Хелмут Фогел

Четирите кловнови:

Визел артистички кловн полн со досетки — Хелфрид Форон

Квасте има обичај да си ги влече прекурамките напред и да се прави најпаметен — Бернд Лудвиг

Шмалц чувствителен, плашлив и повлечен во себе, копнее по љубав и признание — Христиане Волф

Карфункел прави многи грешки и има широко срце — Хајде Каповила

Оптичар

„Училиште со кловнови" се вика првото детскиот театарски фестивал „Experimenta Карл Вехтер. Тоа е најуспешното дело на детскиот театарски фестивал „experimenta 75" во Франкфурт. Тибиншкиот камерен театар во тоа време беше една од првите сцени што го изведе ова дело — и по мислење на авторот сценографијата на Хелфрид Форон до денес е најуспешната.

Четири ученици како кловнови, четири кловнови како ученици во постојана противречност (која што е активен отпор) кон нивниот бестиален Др. Зин, одговорен по дисциплина и ред, кој што сите меки консонанти ги изговара тврдо и инаку е еден скаменет монумент на старовремска окоравеност. Сретство за одбрана од закоравениот училишен догматизам е солидарност, вицот и фантазијата.

Делото е не само предизвик да се размислува за тоа дали фантазијата и креативноста може да се изучува со погрешни, имено вкочанети авторитетни сретства. Тоа понатаму покажува дека и хуморот на кловновите најпрво мора да се изучи. Овдека фантазијата се претвора во училишен предмет. Делото е полно со раздвиженост, хуморот што произлегува од ситуацијата, и пантомима — дури сосема на крајот на текстот, што не мора по секоја цена да се разбере. На секој гледач, — секако дали има 70 или 7 години позната му е главната ситуација: кога човек на училишен час мора и сака да се смее, а не му е дозволено. Едно упатство за избегнување на ваквите забрани за смеење: нема да најдеме морално подигнат прст; наместо тоа многу задоволство од чиста бесмислица, која сепак покажува некоја смисла: човек го напушта театарот расположен за секој вид будалаштина.

Фридрих Карл Вехтер кој денес има 38 години и живее во Франкфурт — почна како графички занаетчија. По двегодишно цртање со сите спрејови за коса, во 1962. година отиде во сатиричното списание „Пардон". Но и улогата на „хуморист за возрасни" не можеше долго да го преокупира. Во последните години тој претежно пишуваше „книги за деца меѓу 8 и 80 години", како и театарски дела.

ХЕЛФРИД ФОРОН го доби своето образование кај Етјен Декру во Париз, артистистички се школуваше кај акробати и играчи на жица и играше во театри, меѓу другите и во театарската група на Виктор Царциа. Првите настапи во СР Германија му беа во 1966 година. Денес Форон се смета за најдобар германски пантомимичар. Од 1934 година тој е уметнички водач на Тибиншкиот камерен театер.

ХЕЛФРИД ФОРОН: ПАНТОМИМИ И ИГРИ

Соло програмата на пантомимичарот Хелфрид Форон поделена е на два дела: Во првиот дел — „Пантомими" — во пет сцени како пример ќе бидат поставени сретставата и можносите на пантомимата како и нејзините различни стилски форми.
Првата сцена — МАРИОНЕТА — е апстрактна игла со тело, демонстрација на еден закон за движење, кој се однесува на тематика човек — марионета, гестови — механичка детерминација. На крајот на сцената марионета се ослободува од присилните движења и во следните сцени наоѓа многострано варирана гестикулација во играта. ДВОБОЈОТ е критичка расправа за можните врски меѓу спортот и милитаризмот.
Изразувањето не произлегува првенствено од имитација, туку од колажот со брзо менување на слики што едно по друго моментално се фатени.

„ОГЛЕДАЛО“ е психолошка студија за однесувањето на човекот пред огледало, неговите реакции при набљудување на сликата во огледалото: нарцизам, смеење, збунетост.

„ПЕЦАЧ“ е ведра гротеска за една риба што повеќе не сака да се врати во вода.

„ПТИЦА“ го сочинува крајот на првиот дел од програмата. Овде, сретствата за пантомима се поставени многу концентрирано. Сцената формално кореспондира со почетната сцена.

Во ИГРИТЕ Форон ја развил пантомимата на своеволен начин. Притоа е очигледна интензивната расправа со другите модерни уметнички форми. Форон игра со реални објекти, на имитација, туку и прва промена на објектите: шипката се претвора во рампа, копје, столарско метро, флејта, од еден предимензионален телефон доаѓаат само нејасни гласови што ја оневозможуваат комуникацијата: слушателот се претвора во маска; џиновски пластичен објект се движи како човече што се исправа; освен тоа постојат осветлени простории, шумови, гласови како партнери што даваат импулс или како соиграчи.



НАУКА

НАУЧЕН СИМПОЗИУМ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Институт за национална историја Скопје 28. и 29. април 1977.

Учесници од Сојузна Република Германија

ПРОФЕСОР ДР. КЛАУС — ДЕТЛЕВ ГРОТХУЗЕН

Ја држи катедрата за модерна источноевропска историја на историскиот семинар на универзитетот во Хамбург (Адреса: (Von--Melle Park 6/IX, 2000 Hamburg 13)

Биографија: Роден на 29. 10. 1928. г. во Nider-Vajzel/Hesen. — Студирал историја, специјално источноевропската историја на Универзитетите во Гетинген и Кил — Државен испит по 1953. г. — Промоција во 1954 г. — научен асистент во Институтот за источна Европа на универзитетот во Гисен до 1965 г. — Хабилитација за гранката Историја на источна и југоисточна Европа 1965 г. — потоа гостување на катедрите во Келн и Минстер — 1969 г. покана за горенаведената катедра во Хамбург — во 1971. претседател на работниот кружок за југоисточна Европа на Германската заедница за истражувања, односно на Националниот комитет на СР Германија во Регионалната комисија на УНЕСКО за југоисточна Европа (AIESEE) — во 1976. избор за вицепрезидент на AIESEE.

Список на трудови (извадок)

Постанок и историја на Загреб до крајот на 14. век. Прилог за постоењето на градовите во југоисточна Европа во средниот век. 1967. г.

Градот во југоисточна Европа. Структура и историја. 1968. (изд.)

Стопанскиот и социјалниот развиток на југоисточна Европа во 19. и 20. век. 1969. (изд.)

Етногенеза и формирање на државите во југоисточна Европа. Festgabe der Bundesrepublik Deutschland zum 3. Internationalen Südosteuropakongress in Bukarest 1974. (изд.) 1974. (изд.)

Südosteuropa-Handbuch, Bd. I: Jugoslawien. 1975. (изд.)

Реферат во Скопје: Југоисточна Европа и истражувања за југоисточна Европа. За положбата на истражувањата на југоисточна Европа во СР Германија.

ПРОФЕСОР ДР. ФРАНЦ КАРЛ КОНРАД РОНЕБЕРГЕР

Ја држи катедрата за политички и комуникациони науки во Социалнонаучниот институт на Фридрих-Александер универзитетот во Ерлаген-Нирнберг (Адреса: Findelgasse 7—9, 8500 Nirnberg 2)

Биографија: Роден на 15. 3. 1913. г. во Тиринген (денес на ГДР). Студирал право во Кил и Минхен — промовирал за др. јур. во 1938. г. — референт. асесор, научен асистент на Институтот за југоисток во Минхен — од 1939. во Виена: директор на еден истражувачки институт за југоисточна Европа и одговорен за предметот за светската трговија на високото училиште — хабилитација во 1944. г. — по војната новинарска дејност и доцент на академијата за раководство и стопанство во Рурската област — во 1960. година, по обновената хабилитација на универзитетот во Минстер, професор на Високото педагошко училиште во Билефелд — од 1964. г. редовен професор во Ерланген-Нирнберг (види горе) — Истражувачки интереси: наука за раководење, теорија за комуникација со масите, комуникациона политика, политички системи во источна Европа.

Список на трудови (извадок):

Бизмарк и југоисточна Европа. Берлин 1939.

Тенденции за државно уредување во југоисточна Европа по 1945. г. Прилог за социјалната структура и структурата на уредувањето на земјите во развој. Минхен 1961. г.

Од аграрно кон индустриско општество. Социјално однесување на село во југоисточна Европа. Дармштат од 1969. до 1974. г. (Издадено заедно со Г. Тајх).

Социално однесување на село во Југославија, Задругите како носители на социјалистичката реформна политика на село. Келн 1974. (Издадено заедно со Борислав Радовановиќ).

Социјална структура, во: K. D. Grothuzen (Hrsg. Südosteuropa-Handbuch Band I (Jugoslawien). Göttingen 1975.

Реферат во Скопје: Социјално истражување на Југоисточна Европа на Универзитетот во Ерланген — Нирнберг.



ПРОФЕСОР ДР ФРАНЦ МАЈЕР

Редовен професор за јавно право на Универзитетот во Регенсбург (адреса: Universitätsstrasse 31, Postfach, 8400 Regensburg)

— Роден е на 29 мај 1920 год. во Митерфелс/Долна Баварија
— во 1950 год. прави државен испит
— во 1951. год. докторира на Универзитетот во Минхен
— во 1953 год. втор државен испит; после тоа служба во државна администрација на Баварија
— во 1958 год. хабилитира во областа на државното и административното право на Универзитетот во Вирцбург
— во 1961 год. е редовен професор за јавно право на Високата школа за административни науки во Шпаер
— во 1965 год. е редовен професор и ректор на Универзитетот во Регенсбург
— од 1967 до 1969 год. повторно е ректор и проректор на Универзитетот во Регенсбург; член на Работната група за Југоисточна Европа при Германската заедница за научни истражувања; научен советник на Друштвото за Југоисточна Европа во Минхен; директор на Институтот за Источна Европа во Регенсбург

Сопствени публикации

— Автор е на разни публикации за државното право и административни науки, помеѓу другото на правните оддели на Прирачникот за Југоисточна Европа, том I (Југославија), Гетинген 1975.
— Соиздавач е на списанието за истражување на Подунавјето „Der Donauraum", Fachverlag für Wirtschaft und Technik (Издавачко претпријатие за стопанска и техничка литература), Виена.

Реферат во Скопје: Causa Methodii (Кауза Методиј). Реконструкција на судската постапка против славјанскиот мисионер Методиј пред судот на баварските бискупи во 870 година.



ПРОФЕСОР ДР. ВЕРНЕР ГУМПЕЛ

Ја држи катедрата за стопанство и општество на јужна Европа на универзитетот во Минхен (Адреса: Akademiestrasse 1/III, 8000 München 40).

Биографија: Роден е во 1930. година во Бухолс/Ерсгебирге (денес спаѓа во ГДР) — студирал стопански науки на високото училште за стопански и социјални науки во Нирнберг — 1960. год. промовирал на универзитетот во Хамбург — во 1962. година хабилитирал на универзитетот во Минхен — од 1974 година ја држи горенаведената катедра и е претседател на Институтот за стопанство и општество на југоисточна Европа на универзитетот во Минхен — претседател на работната заедница за истражување на источна и југоисточна Европа на универзитетот во Минхен — член на президиумот на друштвото на југоисточна Европа во Минхен.

Список на трудови (извадок)
Политиката на морските пристаништа и политиката на морепловството на COMECON Берлин 1963.
Собраќајот во источна Европа. Келн 1967.
Стопанството на Унгарија, Бугарија и Романија. Минхен/Виена 1968.
Енергетската политика на СССР. Келн 1970.
Стопанскиот систем на Југославија/Сообраќајниот систем на Југославија. Прирачник за источна Европа, том I (Југославија). Изд. K.—D. Grothuzen. Getingen 1975.

Реферат во Скопје:
Главните точки во стопанско научното истражување на источна Европа.

ПРОФ. ДР РЕИХАРД ЛАУЕР

Професор на катедрата за словенска филологија на Гетингенскиот универзитет (адреса: Baurat-Gerber-Strasse 18, 3400 Göttingen)

Биографија: Роден е 1935 година во Бад франкенхаузен во Тирингија (сега ГДР). Од 1954 до 1960 година студирал славистика и германистика на универзитете во Марбург на Лан, Берлин (Слободен универзитет), Белград и Франкфурт на Мајна. Промовиран 1960 година, потоа две години бил лектор за германски јазик на Загребскиот универзитет. Од 1962 до 1969 бил научен асистент во Славистичкиот семинар на Франкфуртскиот универзитет (кај проф. Алфред Рамелмајер). Во 1969 година хабилитира и добива покана од Катедрата за словенска филологија на Универзитетот „Георг Аугуст" во Гетинген како наследник на проф. Максимилиан Браун.

Подрачја на истражувања: Руска литература од 18 и 19 век — јужнословенските литератури — врските помеѓу германската и јужнословенските литератури.

Објавени дела (извадок): Хајне во Србија (1961) — Го преведува Хајне на српскохрватски јазик (1963) — Формата на песната помеѓу шемата и распаѓањето (1975) — Иља Еренбург и руската литература од периодот на отоплувањето (1975) — многубројни есеи, покрај другите за Лаза Костиќ, Иван Мажураниќ, Љубен Каравелов — статии во прирачници и рецензии.

Реферат во Скопје:
Филолошки истражувања на југоисточна Европа во Сојузната Република Германија

ФИЛМ

Понеделник, 25. 4. 1977
18.30 часот
Кино *Вардар*, Скопје
„Неочекуваното богатство на сиромашните луѓе од Комбах“
Режија: Фолкер Шлендорф
Глумци: Георг Лен, Рајнхард Хауф, Карл Јозеф Крамер
104 минути
1971

Во 1821 година седум сиромашни хеисишки селани се обидуваат да ја прекратат својата беда ограбувајќи ја „количката за пари“ од данокот. Тие веднаш се фатени зашто „парите кај сиромашен човек предизвикуваат сомнение“. Виновниците не само што мораат да признаат, туку се изложени и на самокритика. Двајца од нив се убиваат а другите се погубени како покајнички поданици. Тие го прифаќаат моралот на општеството кое ги угнетува.

Вторник, 26. 4. 1977
18.30 часот
Кино *Вардар*, Скопје
„Трговецот на четирите годишни времиња“
Режија: Раинер Вернер Фасбиндер
Глумци: Ирм Херман, Хана Шигула, Клаус Левич
94 минути
1972

Дванаесеттиот филм на Р. В. Фасбиндер ја раскажува приказната за трговецот со овоштие, кој пропаѓа поради неразбирањето на неговата околина. Со несентиментална, впечатлива инсценација станува провидна приватната судбина како драма што се однесува за сите, и чии причини се наоѓаат во општеството.
Ханс, уништен од жени и оставен од систем, се опива до смрт. Тој знае што прави.



Четврток, 28. 4. 1977
18.30 часот
Кино *Вардар*, Скопје
„Младиот Терлес“
Режија: Фолкер Шлендорф
Глумци: Матјеу Каиер, Бернд Тишер, Мариан Сајдовски
85 минути
1966

Во еден интернат младиот Терлес збунето и рамнодушно гледа како двајца соучесници го мачат и го претворуваат во свој роб еден другар кој крадел. Поради своето соучесништво тој е приморан да молчи. Неговата вина е пасивноста. Филм, полн со барања, со позадина, формално успешен првенец, снимен по романот на Роберт Музил, чија остроумна анализа на комплексни чувства во слика и дијалог, едновремено е и студија за пубертетот и политичка парабола.



Петок, 29. 4. 1977
18.30 часот
Кино *Вардар*, Скопје
„Безумноста на Франц Блум“
Режија: Рајнхард Хауф
Глумци: Јирген Прохнов, Елке Галвиц, Бурхард Дрист
104 минути
1974

Службеникот на осигурителниот завод, Франц Блум е осуден на четири години затвор поради препад на банка; затворениците го понижуваат и претепуваат се до оној момент кога благодарејќи на својата интелигенција не го воспостави правото на посилниот да биде брутален спрема другите и дури поради однесување го отпуштаат и предвреме. Буркхард Дрист, сценарист и толкувач на главната улога не напиша сопствен автобиографски извештај како некои други некогашни затвореници. Сопствените искуства тој ги претворува во објективност и ја раскажува приказната за подивувањето на еден човек во една подивена институција. Пресудното доживување на Дрист го натера да констатира дека во казнените заводи особено се јасни управувачките структури на нашето општество.



Документарни филмови

1. *Програма во Центарот за култура на* град Скопје

Прва претстава: Понеделник, 25. април 1977 во 12 часот

(Во Центарот за култура можат да се добијат информации за другите претстави).

Ке бидат прикажани следните филмови:

„Штутгарт"

Филм во боја, 16 мм., 31 минута, 1976

„Германски музеј"

Филм во боја, 16 мм., 28 минути, 1974

„Да му се покаже на светот дека човекот е уште тука"

Режија: Вернер Херцог, 15 минути, 1971

Филмот настана за време на снимањето на „Филмот" или „Гневот на господ" од Вернер Херцог во Јужна Америка; главна улога: Клаус Кински.

„Стари градови покрај романтичната улица"

„Старата Германија" видена со очите на туристите.

„Еден ден во Германија"

Филм во боја, 16 мм., 31 минута, 1975

„Градови, центри, нови форми на живеење"

Филм во боја, 16 мм., 32 минути, 1972

„За милиони години однапред"

Повеќепати награден документарен филм за „белата мравка", која живее најмногу во Јужна Америка и го застрашува земјоделството на целиот континент.

„Спори-мицели-зрно на јадови"

Научен документарен филм

Евентуално можат да се проектираат и други филмови, на пример филм во боја за последниот светски шампионат во фудбал ,како и филм за олимпијадата во Минхен во 1972. година.

2. *Програма* во сала број 1 на скопското сајмиште

Прва претстава: понеделник, 25. април 1977, 10,30 часот

(На саемот можат да се добијат информации за другите претстави.)

Ке бидат прикажани следните филмови:

„Нови патишта на челикот"

Филм во боја, 16 мм. ,13 минути, 1974/75

„Светот на уметничката материја"

Филм во боја, 16 мм., 15 минути, 1975

„Прецизност — прецизна механика и оптика"

Филм во боја, 16 мм., 15 минути, 1976

„Стариот двоен мамец не свири повеќе"

Филм во боја, 16 мм., 13 минути, 1976

„Заштита на околината"

Филм во боја, 16 мм., 14 минути, 1974

„Движење во челик"

Филм во боја, 16 мм., 13 минути, 1974

Како додаток ќе бидат прикажани повеќе филмови на фирмата Мерцедес-Бенс, Штутгарт.

Програма на краткиот филм: награден филм на западногерманските денови на краткиот филм во Оберхаузен во последните пет години.

Среда, 27. април 1977, 18,30 часот
Кино *Вардар* Скопје

1. „ЦИНЕМА"

   Режија: Себастиан Ц. Шредер, Швајцарија 35 мм., 4 минути 1973

   Режисерот за својот филм: „Авганистан, 'Азиска Швајцарија', со ца. 12 милиони жители, во 1972 година имаше околу 12 кина. Едно од нив е прикажано во филмот. Влезница чини а авгани = 0,6 пари. Должина на преставата: 30 минути и 30 секунди. Се разбира тонски филм, со музика. Кога има сонце дневно се прикажуваат повеќе претстави. А сонце има скоро секогаш . . . Во третиот свет се уште нема толку проблеми со загадувањето на воздухот . . ."

2. „Ние сме многу"

   Режија: Борислав Шајтинац, Сојузна публика Германија 16 мм., 10 минути, 1975

   Шајтинац сака да ги потресе гледачите обрнувајќи им се не само на нивните срца и очи, туку на целата нивна личност. Тој не сака да предизвика само сентиментална возбуда, туку филмот да проникнем како трн што не може повеќе да се извади.

   Оваа приказничка за еден мачор, кој во улога на маѓепсник изведува трикови пред публика составена од глувци служејќи се притоа со разни реквизити — исто така и во лик на глувци, има многу подлабока порака, отколку што навидум се чини: „Она што ни прави задоволство, можеби воопшто не е смешно.

3. „БОЛЕРО"

   Режија: Елен Милер и Вилијам Фертик, САД 16 мм., 28 минути, 1974

   (Награда на соработниците на Западногерманските денови на краткиот филм за непризнаен филм на деновите на краткиот филм во 1974)

   Музичари на Синфонскиот оркестар на Лос Ангелос дискутираат меѓусебе како би можело најуспешно да се интерпретира оваа или онаа партија на Болеро од Равел. Веднаш следи резултатот на оваа дискусија: оптички и акустички екстремно хармониско свирење; перфектна изведба, одличен звук и брилијантна техника — вклучувајќи ги и камерата и сликата. Накратко: совршено концертно задоволство.

4. „ЕЛ КАРГАДОР (Носач на товар)

   Режија: Луис Фигуероа, Перу
   35 мм., 8 минути, 1974

   Овдека еден човек — сосема реално — го носи целиот товар на своето време: еден од најсиромашните сиромаси, но-

сач на товар, кој во еден перуански град им го носи багажот на другите луѓе до блиско или далечно место. И тоа 40 години. Од притисокот на товарот му се искривил грбот, но не и карактерот: Кога Грегори Кондори раскажува за нечовечните услови на својот живот, тогаш неговата изнемоштена става ја потврдува непоколебливата горделивост. Тој не гледа понижување во самата работа, туку во условите под кои мора да ја врши . . .

5. „STORYBOARD“
Режија: Курт Розентал, Вернер Нефер, Сојузна Република Германија
16 мм., 10 минути ,1971
Двајцата хамбуршки режисери со едноставни сретства кои зачудуваат го постигнуваат она што на другите им успева со дива камерна акробатика: оптичка фасцинантност. Точно искалкулираниот ритам на нивните слики остава таква трага на која гледачот одвај да може да и се спротивстви. По платното се нижат јасни линии и површини, обоени акустички со ту потивки ту погласни шумови што потсетува на оддалечен татнеж на воз. Проаѓаат имагинарни предели. Реалноста изостанува. Модерно сега тоа би се кажало: „Се отвараат нови слоеви на свеста“. Но толку далеку и не мора да се оди. Доволно е тоа што филмот го занесува гледачот до последната минута.

6. „AL PAREDON“
Режија: Марио Митроти, Венецуела
35 мм., 14 минути, 1971
Во мешавина што се прелива од сатира, фарса и памфлет се бичуваат констелациите на сила во Латинска Америка; се бичуваат со изразните сретства на филмската сатира при што не изостануваат ни неколку филмски клишеа. Снимен за „официјелно кино“, со минимум политичка стварност, што за официјелното кино во Венецуела можеби претставува максимум.

ФОЛКЛОР

НАРОДНА МУЗИКА

Штутгартско играорно друштво

Водство: Курт Вагер

Организација: Ханс Јерг Бренер

Настапи во Охрид, Битола, Куманово и Скопје

Штутгартското играорно друштво во 1977 година ја прославува триесетогодишнината од своето постоењето. Оваа група со моментно 75 активни членови — од кои една третина ќе настапат во Македонија во рамките на деновите на култура на СР Германија во Скопје — од своето основање се посветува на откривањето и одружавањето на германската народна музика. Групата опфаќа музичари и играчи, а во нејзините инструменти покрај цитрата се вбројува и „цимбалото" што е особено распространето во Јужна Германија. Тројца носачи на знамиња изведуваат редица фигури по примерот на катетското училиште во Нирнберг од 16. век. Носиите на групите не се единствени: секој носи носија од онаа област каде што му живееле родителите пред да се населат в град.

Штутгарската играорна група е во постојан контакт со странските групи: така таа веќе беше гостин во Англија, Франција, Шведска, Турција и Унгарија, а во Штутгарт прими групи од повеќето од овие земји.

Групите за народна музика каква што е штутгартската играорна група, многу почесто се сретнуваат во јужниот дел на Германија отколку северно од Мајна. При обид да се објасни оваа појава, веднаш се доаѓа на тенок мраз, во познатиот прастар спор меѓу таканаречената Баварија и таканаречената Прусија (при што овде Мајна наводно ги разделува и духовите): од една страна друштвениот, многу романтичен јужен Германец, приврзан кон татковината, и „вкочанетиот", недостапен и занесен северен Германец, од друга страна. Против ова клише меѓу другото зборува и тоа што северниот Германец обично се чувствува многу добро во јужна Германија.

Впрочем Штутгартското играорно друштво на својата програма има и северногерманска народна музика.

СПОРТ

Кошарка: Шпил- унд Шпортферајн Хаген (Spiel-und Sportverein Hagen; SSV Hagen)

Извадоци од весникот ЗИДОЈЧЕ ЦАЈТУНГ (SÜDDEUTSCHE ZEITUNG) од 28 март 1977 година:

„Кошаркашите екипи УСЦ Хајделберг конечно пристигнаа на целта: во саботата (26. 3.) по победата од 90:77 (39:36) во последната игра од финалната рунда го совладаа својот најнезгоден ривал „ССВ Хаген" и со тоа по деветти пат го зазадоа првото место во СР Германија . . ."

Резултати од финалната рунда на германското првенство во кошарка 1977 год.:

1.	УСЦ Хајделберг	1590:1527	28:12
2.	ТуС Леверкузен	1764:1627	26:14
3.	МТВ Гисен	1723:1602	22:18
4.	ССВ Хаген	1676:1651	20:20
5.	МТВ Волфенбител	1585:1757	12:28
6.	1. ФЦ Бамберг	1596:1770	12:28

ТИМОТ ССВ Хаген

	Старост	Височина	Број на натпревари за државна репрезентација
Гинтер Полекс (Günter Pollex)	24	190	53 во А категорија
Роберт Смит (Robert Smith)	25	200	Универзитет Сан Диего во Калифорнија
Мартин Буземан (Martin Busemann)	20	192	32 натпревара во јуниорска репрезентација
Ханс-Вернер Шмунц (Hans-Werner Schmunz)	25	200	
Томас Јунг (Thomas Jung)	19	189	25 натпревари во јуниорска репрезентација
Клаус-Гинтер Мевес (Klaus-Günter Mewes)	23	183	15 во А категорија
Јохен Полекс (Jochen Pollex)	29	186	135 во А категорија
Улрих Дистелхорст (Ulrich Diestelhorst)	20	196	21 натпревар во јуниорска репрезентација
Владимир Кадлец	19	190	
Михаел Паперт (Michael Pappert)	19	199	15 натпревари во јуниорска репрезентација
Фолкер Асхоф (Volker Asshoff)	21	197	15 во А категорија
Јозеф Мартинек (Josef Martinek)	31	204	

Тренер: Јерг Трап (Jörg Trapp) — од 1971 година; тој едновремено е тренер и на јуниорската репрезентација
Масер: Манфред Валтенберг (Manfred Waltenberg)
Придружник: Валтер Енгелс (Walter Engels)
Секретар: Ханс-Јирген Хофмајстер (Hans-Jürgen Hoffmeister)

Спорт во Сојузната Република Германија

Прегледот за раширеноста и омиленоста на поедини спортски гранки во Сојузната Република Германија може да се добие ако се фрли поглед на бројот на членовите на поедини спортски сојузи: традиционално и без конкуренција на самиот врв се наоѓа фудбалот со моментално 3,500.00 членови, а потоа следат, гимнастика (2,500.000), спортско стрелање (860.000), лека атлетика (640.000), пливање и ракомет (по 500.000). Кошарка во Германија не спаѓа во особено популарни спортски гранки затоа што со 40.000 членови го зазема некаде 22 место. Слично силно — или послабо — раширени се шахот, боксот и хокеј.
Сојузите на сите спортски гранки интегрирани се во Германскиот спортски сојуз (DSB), самоуправна автономна организација со моментно околу 13 милиони членови (што е соодветно со една петина на сите жители, вклучувајки ги тука и малите деца и старци) во преку 40.000 клубови.
На меѓународниот план првата југословенска кошаркашка лига спаѓа во сосема друга класа во споредба со германската. Затоа за германските кошаркашки екипи пријателските средби во Југославија се големо предизикување, од што, во секој случај можат многу да научат.

13
SSV
7
SSV
5
SSV
14
SSV
11
SSV
6
SSV
10
4
9
12

Редакција: Кристоф Бример
Графика: Бата Кнежевиќ
Превод: Ранка Грчева, Радивоје Пешиќ
Печат: „Култура“, Печатарско претпријатије, Белград, Македонска 4
Тираж: 3.000
Издавач: Амбасада на Сојузната Република Германија, Белград
Белград, април 1977 год.